РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2459/12
02-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), во првото продолжение на 99-та седница одржана на ден 30.01.2024 година ја донесе следната

**О д л у к а**

Постапката по предметот број 12-2459/1 од 08.05.2023 година, оформен врз основа на пријава, доставена од анонимен подносител со укажувања за работниот однос на лицето ---------------------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупција и судир на интереси, нема елементи за натамошно надлежно постапување, поради тоа што постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-2459/1 од 08.05.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

ДКСК оформи предмет со број 12-2459/1 врз основа на пријава, доставена од анонимен подносител со наводи против лицето ------------------------------------, ------------------- во ООУ,,Св.Климент Охридски,, во Драчево, која првично е доставена на надлежно постапување до Државниот испитен центар. Директорот на Државниот испитен центар истата Иницијатива со Укажување ја доставил на надлежно постапување до ДКСК.

Подносителот во пријавата наведува дека горенаведеното лице е вработен во ООУ ,,Св.Климент Охридски,, во Драчево-Скопје на работното место ----------------, а истовремено е и наставник по предметот на Географија со 4 наставни часови неделно од кои 2 наставни часови во истото училиште и 2 наставни часови во СУГС ,,Браќа Миладиновци,, во населба Драчево, Скопје.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање на информации до Државен просветен инспекторат со барање за вршење на инспекциски надзор во ООУ ,,----------------------------,, во --------------, со цел елиминирање на неправилностите и за констатираната состојба да не известат на предвидениот законски рок.

На 16.06.2023 добивме одговор од Државниот просветен инспекторат, кои го доставиле Записник за извршен надзор во ООУ ,,-----------------------------------,, во ---------- со број Ип1бр.-------------- од 09.06.2023, во кој се наведува следното: <u>ДПИ согласно своите надлежности не констатира неправилности при вршење на инспекциски надзор во ООУ ,,---------------------------------------,,.</u>

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК се обрати и до ООУ „Св.Климент Охридски,, со барање за доставување на целокупната документација за спроведениот оглас за вработување на лицето --------------------------- на работното место ------------------------------------------------------------ во ООУ „Св.Клименти Охридски,,- Драчево и до Инспекциски Совет со барање за произнесување над постапувањето на просветниот инспектор кој постапил во конкретниот случај и не констатирал неправилности.

На законски предвидениот рок добивме одговор од ООУ „Св.Климент Охридски,,. Од увид во доставената документација од ООУ „Св.Климент Охридски,, утврдена е следната фактичка состојба: Лицето ---------------------------------- е примен на работа на 05.04.1991 на работното место-Работник во училишна задруга. Во 12.01.2001 година бил распореден на работното место ----------------- на училиштето со решение од страна на директорот на училиштето. Истиот во 2009 се стекнал со стручен назив Дипломиран професор по географија при Природно математичкиот факултет во Универзитетот „Св.Кирил и Методиј,, и во 2016 со решение добил статус на администартивен службеник.

Во февруари 2022 година, ---------------------------------- од директорот на ООУ „Св.Климент Охридски,, побарал да му се скрати работното време од 40 на 36 часови на работното место секретар и дополнително да работи кај друг работодавач, односно во СМУГС „Браќа Миладиновци,, во Скопје и да му се промени фондот на часовите од 40 на 36 часови.

На 21.02.2022 година ------------------------------ заснови работен однос до 31.08.2022 на работна позиција наставник по географија за настава на македонски јазик со 2 наставни часови односно 4 работни часови во СМУГС „Браќа Миладиновци,, Скопје.

На 16.02.2022 директорката на ООУ „Св.Климент Охридски,, донела Одлука за промена на фондот на часовите на вработениот ------------------------------ согласно Законот за работни односи. По 15 дена директорката поради неиздржаност на донесената одлука со Законот за административни службеници и поради причина „несродност на работните места,, и во месец мај 2022 година донела Решение за огласување за ништовна на Одлуката бр.0302-101 од 16.02.2022 за промена на фондот на часовите од 40 на 36 часови. Вработениот не ја испочитувал одлуката. Иако завршил со договорот на 31.08.2022 во СМУГС „Браќа Миладиновци,, останал таму пријавен уште еден месец и половина. На 09.08.2022 директорката -------------------------------------- на СМУГС „Браќа Миладиноци,, повторна донела Одлука за ништовност на дадената согласност за скратено работно време со бр.0302-101/2 и повторна Одлука за враќање на 40 часа работно време и истата поднела оставка од функцијата директор.

На 01.10.2022 година гореневеденото лице засновал работен однос на определено време со ООУ „Кузман Јосифовски-Питу,,-Кисела Вода, за работното место наставник по географија со 2 наставни часови неделно до 31.08.2023 година. На 02.03.2023 година ------------------------------ потпиша Спогодба за престанок на работен однос со работодавачот ООУ „Кузман Јосифовски-Питу,,.

Од друга страна на 21.02.2023 истото лице склучува Договор за вработување на определено време со СУГС „Браќа Миладиновси,, Скопје, како единствен пријавен кандидат, за работното место наставник по педагогија за настава на македонски јазик со 2 наставни односно 4 работни часа и наставник по етика за настава на македонски јазик со 2 наставни односно 4 работни часа до 31.08.2023, по претходно обезбедено Согласност за вработување на

определено време издадено од Министерството за образование и наука бр.---------------/-- од 27.01.2023 и -------------/-- од 27.01.2023 за двете работни места.

Со цел утврдување на фактичката состојба, ДКСК се обрати до Министерството за образование и наука со барање за доставување на информации во врска со тоа врз основа на што ги издал согласностите за вработување на определено време бр.-----------/-- од 27.01.2023 и бр.-----------/-- од 27.01.2023 за работното место наставник по педагогија за настава на македонски јазик со 2 наставни односно 4 работни часа и наставник по етика за настава на македонски јазик со 2 наставни односно 4 работни часа до 31.08.2023 година. МОН го извести ДКСК дека согласностите ги издала врз основа на барања испратени од страна на училиштата за согласност за вработување на наставен кадар согласно за потребите за непречено реализирање на наставата во училиштето. Министерството се произнесе дека нема надлежност во објавувањето на јавниот оглас и во процедурите за избор на лица кои се пријавиле на јавниот оглас.

На 09.06.2023 на лицето ------------------------------- со Решение му мирува работниот однос во училиштето ООУ ,,Св.Климент Охридски,, затоа што е именуван за вршител на должноста-Директор во СУГС ,,Браќа Миладиновци,, Скопје со Решение бр.------------/-- од 19.05.2023 од Градоначалникот на Град Скопје.

Државниот просветен инспекторат при своето надлежно постапување не констатирал неправилности поради што и ја запирал постапката.

По предметниот случај постапиле и Државниот инспекторат за труд и Државниот управен инспекторат, кои исто така при нивното надлежно постапување не констатира неправилности и нерегуларности.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно надлежно постапување, затоа што постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.Ј., советник

Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**